## Предлог за проект

## Стекнување практични компетенции за концептот на неутраланост, со примена на дебата и критичко мислење во сферата на геополитиката и меѓународното право

**Период на реализација:** Временска рамка од една година (Февруари 2020 – Февруари 2021);

**Организатор:** Правен факултет – УГД Штип

**Раководител на проектот**: Вонр. проф. Дејан Маролов, Правен факултет – УГД Штип;

**Истражувачки тим:**

Вонр. проф. Ана Никодиновска, Правен факултет - УГД Штип;

Асс. М-р Наташа Донева,  Правен факултет - УГД Штип;

Студентка Вероника Газепова, Правен факултет – УГД Штип;

Студент Давид Митровиќ, Правен факултет – УГД Штип

**Цели на проектот:**

1. Запознавање на Концептот на неутралност, како концепт применлив во Меѓународното јавно право и стекнување способност за негова практична примена
2. Оспособување на студентите за самостојна изработка на конкретни студии на случај на држави кои се синоними за неутрални држави, но и на држави кои  биле неутрални во определена историска етапа.
3. Стекнување практични знаења и способности за критичко мислење во однос на придобивките и ограничувањата кои концептот на неутралност им ги наметнува на државите кои го практикуваат овој концепт како сопствена политика.
4. Мотивирање на актуелните студенти за поголем интерес за геополитика и меѓународно право преку отворени активности и доделување на едногодишна стипендија за најдобриот учесник.
5. Воспоставување на соработка на Правниот факултет – УГД Штип со невладини и владини организации.
6. Промоција на Правниот факултет – УГД Штип учениците од 4-та година во средните училишта  во Штип.

**Целна група: Студенти од втора, трета и четврта година од Правен факултет при Универзитет “Гоце Делчев”-Штип, како и ученици од средните училишта  во општина Штип.**

**Планирани активности:**

Пред почетокот на овој проект ќе се спроведе анкета на целната група, за нивните познавања во врска со концептот на неутралноста, суштината на институтот неутралност, денешните прокламирани неутралните држави,

бенефитите од неутралноста... По завршување на проектот ќе се спроведе уште една анкета со истите прашања, се со цел да се направи компарација на резултатите со претходната анкета. Интенцијата е на тој начин да се увиде колку студентите апсолвирале и научиле од спроведените работилници и предавања, воедно да се покаже ефикасноста на самиот проект.

1. Предавања на тема „Неутралноста како концепт во Меѓународното јавно право" со цел за поподробно запознавање на студентите и на средношколците со суштината и идејата на овој институт применлив во меѓународното право.
2. Организирање на дебати од студентите за теми поврзани со концептот на неутралност, бенефитите и проблемите произлезени од неутралноста на државите, меѓународната политика и сл.
3. Организирање работилници и презентации по принципот на "case study" на конкретни случаи на неутрални држави низ историјата и во сегашноста, поврзани со гео-стратегијата и неутралноста на државите.
4. Организирање на тркалезна маса на тема "Концептот на неутралност во пракса" на која ќе бидат поканети и претставници на амбасади од држави кои се декларирани како неутрални за да ги образложат своите позиции за практикувањето на нетуралноста.
5. Промовирање на Правниот факултет во средните училишта преку покани на ученици за присуство.
6. Доделување на стипендија за студентот со најдобра презентација на конкретни случаи на неутрални држави по принципот на "case study".

   По завршување на предвидените обуки и активности, студентите ќе бидат задолжени со соодветна презентација на конкретни случаи. Најдобрата презентација ќе биде наградена со стипендија.

## Конкретна разработка на планираните активности

**1. Предавање на тема „Неутралноста како концепт во Меѓународното јавно право“**

**- Време:** Планирано време за реализација на оваа активност е два месеца, односно месец Февруари и Март 2020;

**- Методи:** предавања од страна на професори, асистенти и експерти од наведената област и дебата;

**- Образложение:** обработка на научните полиња:

а) концептот на неутралност

б) неутралните држави - начин на стекнување и прокламирање на неутралност, права и обврски на неутралните држави, степен на почитување на неутралноста и сл.

в) основните поими на Меѓународното хуманитарно и воено право.

**2. Студентски дебати за концептот на неутралност, бенефитите и проблемите произлезени од неутралноста на државите, меѓународната политика и сл.**

**- Време:** Планирано време за реализација на оваа активност е два месеци, односно месец Април и Мај 2020;

**- Методи:** дебата и презентација;

**- Образложение:** Преку оваа активност студентите ќе бидат директно инволвирани во дебатата и ќе имаат можност преку анализи на случаи да го објаснат концептот на неутралноста, да ги презентираат своите мислења и ставови за и против овој концепт, при што ќе бидат поделени во две групи.

**3. Работилници по принципот на “case study“ на конкретни случаи на неутрални држави низ историјата и во сегашноста, поврзани со гео-стратегијата и неутралноста на државите**

- **Време:** Планирано време за реализација на оваа активност е два месеца, односно месец Мај и Јуни 2020.

- **Методи:** практични вежби и работилница со примена на „case studies“

- **Образложение:** преку практични вежби и работа со case studies студентите ќе ги изучуваат државите кои во одредена историска фаза ја прокламирале својата неутралност. Идејата е да се елаборираат државите со постојана неутрална компонента, но и оние кои декларирале привремена неутралност, на тој начин да се увидат сличностите и разликите како и предностите и слабостите помеѓу нив. Студентите ќе подготвуваат презентации на конкретни студии на случаи кои ќе бидат јавно презентирани. Целта е да се стимулира учеството на студентите и да се поттикне нивниот натпреварувачки дух.

**4. Тркалезна маса на тема “Концептот на неутралност во пракса”**

- **време:** Планирано време за реализација на оваа активност е два месеца, односно месец Септември и Октомври 2020.

- **методи:** презентации, дискусии

- **образложение:** целта на оваа активност е доближување на студентите до начинот на кои Концептот на неутралност се инкорпорира во целокупната слика на меѓународното право. За таа цел ќе поканети претставници на амбасадите на некои неутрални држави. Нивното присуство на тракалезната маса би било од енормен придонес во насока на: објаснување на неутралноста, на потребата од неа, на нејзината витална улога во обезбедување на долгорочна безбедност и мир; на патот на нивните држави кон етаблирање на неутралноста, на евентуалните препреките, на процесите низ кои поминале.

**5. Промовирање на Правниот факултет во средните училишта преку покани на ученици за присуство и учество на одредени активности во рамките на проектот**

**- време:** за целтот времетраење на проектот**.**

**- методи:** присуство на погоре наведените активности.

**-образложение:** Целта на оваа активност е двојна. Од една страна интенцијата е да се промовира Правниот факултет пред средношколците, но истовремено целта е и да ги прошират своите знаења.

**6. Доделување награда во форма на стипендија** за **најдобрата елаборација на презентација.**

**- Време:** Планирано време за реализација на оваа активност е два месеци, односно месец Ноември и Декември 2020;

**- Методи:** презентација на студенти и одлука од страна на комисија составена од организаторите на проектот.

**- Образложение:** По завршување на предвидените обуки и активности од првиот дел, следува презентација од страна на студентите на конкретни теми поврзани со неутралноста. Најдобрата елаборација на презентација ќе биде наградена со доделување на стипендија.